**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 30 ноември 2020 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во третиот квартал од 2020 година

Во третиот квартал од 2020 година, во тековните трансакции со нерезидентите е остварен дефицит од 43,3 милиони евра, главно како резултат на дефицитот во стоковната размена. Кај финансиските трансакции со нерезидентите се остварени нето-приливи од заеми и трговски кредити, а нето-одливи врз основа на валути и депозити, портфолио-инвестиции и директни инвестиции.

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| | тековна година | | | | претходна година | | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2020 | Кв.2 2020 | Кв.3 2020 | **Кв.1-Кв.3.2020** | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | **Кв.1-Кв.3.2019** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-148,3** | **-85,0** | **-43,3** | **-276,6** | **-175,0** | **-65,6** | **162,2** | **-78,4** | **41,8** | -49,1 | **-205,4** | ...* | **-198,2** | ...* |
| Стоки | **-548,2** | **-354,0** | **-402,5** | **-1.304,7** | **-475,1** | **-443,5** | **-436,3** | **-1.354,9** | **-48,5** | 13,7 | **33,8** | -7,7 | **50,2** | -3,7 |
| Услуги | **167,0** | **106,6** | **84,7** | **358,3** | **102,0** | **96,8** | **174,5** | **373,3** | **-21,9** | -20,5 | **-89,8** | -51,4 | **-15,0** | -4,0 |
| Примарен доход | **-92,9** | **-91,7** | **-98,7** | **-283,3** | **-129,9** | **-127,7** | **-130,2** | **-387,7** | **-7,0** | 7,6 | **31,5** | -24,2 | **104,4** | -26,9 |
| Секундарен доход | **325,8** | **254,0** | **373,2** | **953,0** | **328,0** | **408,8** | **554,1** | **1.290,9** | **119,2** | 46,9 | **-180,9** | -32,7 | **-337,9** | -26,2 |
| **Капитална сметка** | **0,3** | **1,4** | **0,9** | **2,6** | **0,6** | **0,1** | **5,9** | **6,6** | **-0,5** | | **-5,0** | | **-4,0** | |
| **Финансиска сметка** | **-161,9** | **-62,5** | **-24,0** | **-248,3** | **-176,1** | **-51,8** | **188,3** | **-39,6** | **38,5** | | **-212,2** | | **-208,8** | |
| Директни инвестиции | **-128,1** | **13,7** | **17,8** | **-96,6** | **-59,3** | **-29,2** | **-82,3** | **-170,8** | **4,1** | | **100,1** | | **74,2** | |
| Нето-стекнување средства | **106,1** | **-12,5** | **47,8** | **141,4** | **177,6** | **108,5** | **58,3** | **344,4** | **60,3** | | **-10,5** | | **-202,9** | |
| *Сопственички капитал*** | **5,3** | **6,7** | **6,5** | **18,5** | **1,8** | **5,7** | **12,9** | **20,3** | **-0,1** | | **-6,3** | | **-1,8** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3,2** | **2,5** | **2,4** | **8,1** | **2,2** | **2,2** | **2,2** | **6,7** | **-0,1** | | **0,2** | | **1,4** | |
| *Должнички инструменти* | **97,6** | **-21,7** | **38,9** | **114,8** | **173,5** | **100,6** | **43,2** | **317,4** | **60,6** | | **-4,3** | | **-202,5** | |
| Нето-создавање обврски | **234,2** | **-26,2** | **30,0** | **238,1** | **236,8** | **137,7** | **140,6** | **515,1** | **56,2** | | **-110,6** | | **-277,1** | |
| *Сопственички капитал*** | **20,6** | **48,3** | **8,2** | **77,1** | **79,1** | **45,7** | **36,4** | **161,2** | **-40,1** | | **-28,2** | | **-84,1** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **78,8** | **21,0** | **-37,7** | **62,1** | **43,9** | **43,9** | **43,9** | **131,8** | **-58,7** | | **-81,6** | | **-69,7** | |
| *Должнички инструменти* | **134,9** | **-95,5** | **59,5** | **98,9** | **113,8** | **48,1** | **60,3** | **222,2** | **155,1** | | **-0,7** | | **-123,3** | |
| Портфолио-инвестиции | **31,6** | **-632,5** | **77,5** | **-523,3** | **22,3** | **19,9** | **72,7** | **114,9** | **710,0** | | **4,9** | | **-638,3** | |
| Валути и депозити | **71,8** | **130,9** | **176,1** | **378,8** | **35,0** | **-30,6** | **98,5** | **102,9** | **45,2** | | **77,6** | | **275,9** | |
| Заеми | **113,0** | **-167,9** | **-83,4** | **-138,3** | **-16,9** | **-25,2** | **-54,9** | **-97,1** | **84,5** | | **-28,5** | | **-41,2** | |
| Трговски кредити | **-0,9** | **-10,9** | **-57,4** | **-69,2** | **-153,2** | **-35,7** | **32,3** | **-156,5** | **-46,5** | | **-89,8** | | **87,3** | |
| Девизни резерви | **-249,3** | **604,0** | **-153,8** | **200,9** | **-5,6** | **49,4** | **174,4** | **218,2** | **-757,8** | | **-328,2** | | **-17,3** | |

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.

Извор: НБРСМ.

---

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

## *Тековна сметка*

Во третиот квартал од 2020 година, во рамките на одделните компоненти на тековната сметка е забележан дефицит во стоковната размена (402,5 милиони евра) и кај салдото на примарниот доход (98,7 милиони евра). Од друга страна, секундарниот доход и размената на услуги и понатаму бележат нето-приливи (373,2 и 84,7 милиони евра, соодветно).

На квартална основа, дефицитот во тековната сметка се намали за 41,8 милиони евра. Позитивната квартална промена главно е резултат на зголемениот суфицит кај секундарниот доход за 119,2 милиона евра. Дефицитот кај стоковната размена и примарниот доход бележи зголемување (за 48,5 и 7 милиони евра, соодветно), а воедно забележано е и намалување на суфицитот кај подбилансот на услуги (за 21,9 милиони евра). Притоа, зголемениот дефицит кај стоковната размена од 48,5 милиони евра произлегува од поголемото зголемување на увозот во однос на зголемувањето на извозот на стоки.

Во споредба со истото тримесечје од минатата година, кога тековната сметка беше во суфицит, салдото на тековната сметка на годишна основа е влошено за 205,4 милиони евра. Гледано преку придонесот на поодделни компоненти, годишната промена во најголем дел се објаснува со намалениот суфицит кај секундарниот доход и во размената на услуги (за 180,9 и 89,8 милиони евра, соодветно). Наспроти ова, дефицитот кај стоковната размена и примарниот доход забележаа подобрување на годишна основа  (за 33,8 и 31,5 милион евра, соодветно).







Извор: НБРСМ.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезидентите, во третиот квартал од 2020 година, се остварени нето-приливи од 24 милиони евра. Анализирано по категории, нето-приливи бележат заемите (83,4 милиони евра) и трговските кредити (57,4 милиони евра), додека нето-одливи се забележани кај валутите и депозити (176,1 милион евра), портфолио-инвестициите (77,5 милиони евра) и директните инвестиции (17,8 милиони евра).

Во третиот квартал, кај директните инвестиции се остварени нето-одливи од 17,8 милиони евра. Анализирано по компоненти, ваквите остварувања се на категоријата реинвестирана добивка (40,1 милион евра), при нето-приливи кај меѓукомпанискиот долг (20,6 милиони евра) и кај сопственичкиот капитал (1,7 милиони евра). Од почетокот на годината заклучно со септември, се остварени нето-приливи врз основа на директни инвестиции во износ од 96,6 милиони евра.

Во третиот квартал од 2020 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] се зголемени за 30 милиони евра. Тоа произлегува од растот на меѓукомпаниски долг (59,5 милиони евра) и растот на обврските кај сопственичкиот капитал (8,2 милиони евра), во услови на намалена реинвестирана добивка (37,7 милиони евра).

Средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 47,8 милиони евра, како резултат на растот на побарувањата кај сите категории: меѓукомпанискиот долг (38,9 милиони евра), сопственичкиот капитал (6,5 милиони евра) и реинвестираната добивка (2,4 милиони евра).

Во третиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио-инвестиции се намалени за 77,5 милиони евра, во најголем дел како резултат на откуп на еврообврзници од претходни емисии и отплата на камата врз основа на издадените еврообврзници.

Нето-приливите врз основа на заеми од 83,4 милиони евра, во третиот квартал од 2020 година, во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај секторот „депозитни институции" (66 милиони евра), а во помал дел и од нето-приливите кај останатите сектори[3] (12 милиони евра) и секторот „држава" (6,4 милиони евра).

Во првите три квартали од годината, нето-приливите од портфолио-инвестиции (523,3 милиони евра), заеми (138,3 милиони евра), директни инвестиции (96,6 милион евра) и трговски кредити (69,2 милиона евра) ги надминаа нето-одливите врз основа на валути и депозити (378,8 милиони евра), што овозможи целосно финансирање на дефицитот на

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

тековната сметка од 276,6 милиони евра и зголемување на девизните резерви за 200,9 милиони евра.

Од аспект на структурата на директните инвестиции во периодот јануари-септември 2020 година, нето-приливите од 96,6 милиони евра во најголем дел се резултат на вложувањата во сопственички капитал (58,6 милиони евра) и реинвестирана добивка (54 милиони евра), додека меѓукомпанискиот долг предизвика намалување на директните инвестиции (16 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – јуни 2020 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка, ревизијата на податоците придонесе за намалување на дефицитот за 1,4 милиони евра.

Кај финансиската сметка ревизијата се однесува на зголемување на нето-приливите кај директните инвестиции за 2,3 милиони евра и намалување на нето-приливите кај трговските кредити за 3,2 милиона евра.

Ревизијата на податоците доведе до намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – јуни 2020 година (за 0,5 милиони евра).

## *Придружни информации*

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 26 февруари 2021 (референтен период, заклучно со декември 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).